ПРИРАЧНИК

ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА, БЕЗБЕДНА И ЕТИЧКА РАБОТА НА СНИМАТЕЛИТЕ ВО МЕДИУМИТЕ

ЗНМ
Здружение на новинарите на Македонија

ПРИРАЧНИК

ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА, БЕЗБЕДНА И ЕТИЧКА РАБОТА НА СНИМАТЕЛИТЕ ВО МЕДИУМИТЕ

Автори:
Д-р Марина Тунева, медиумски експерт
Маријана Марушиќ Кос, адвокат, експерт за заштита на лични податоци

Соработници:
Трајче Илиевски, снимател
Славе Стојановски, снимател

Фотографии:
Томислав Георгиев

Лектура:
Ванѓа Димитрова

Тираж:
250 примероци

Септември 2019 година

Оваа публикација беше подготвена во рамките на проектот „Безбедни новинари за кредибилни информации во Македонија" поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на ЗНМ и авторите и во никој случај не може да се смета дека ја одразува позицијата на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје.

Издавач: Здружение на новинарите на Македонија

Градски ѕид, блок 13 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Драган Секуловски, директор на проектот
Тел: 00389 (02) 3298-139 е-пошта: contact@znm.org.mk

ЦИП: 316.77:778.5.071]:174.4(035) ИСБН: 978-9989-2225-8-0

СОДРЖИНА

1. **ВОВЕД** 3

2. **Снимател - улоги, одговорности, вештини и важност на професијата** 5

3. **Правни и етички стандарди за професионална и безбедна работа на снимателите** 9

   3.1. Слобода на информирање, право на приватност и заштита на лични податоци 9

   3.2. Снимање различни целни групи и настани 15

   3.2.1. Снимање „обични граѓани" или јавни личности 15

   3.2.2. Снимање малолетни лица 16

   3.2.3. Снимање и комуникација со службени лица 17

   3.2.4. Снимање осомничени или обвинети лица 19

   3.2.5. Снимање сторители на сексуално насилство 20

   3.2.6. Снимање жртви на кривично дело 20

   3.2.7. Снимање при несреќи, катастрофи, војни, лични трагедии 21

   3.2.8. Снимање и постапување со содржини поврзани со ранливи категории на граѓани 25

   3.3. Снимање приватни и јавни објекти и снимање на јавни настани 26

   3.4. Снимање на судови 29

   3.5. Тајно снимање 31

   3.6. Користење архивски снимки и материјали за реконструкција на настани 31

   3.7. Монтажа на снимениот материјал, негово техничко преобликување, реконструкција и илустрација на настани 33

4. **Завршни согледувања и препораки** 34

1. ВОВЕД

Медиумите и содржините кои се пренесуваат преку нив имаат голема моќ и влијание врз јавноста и врз формирањето на јавното мислење. Освен текстуалните содржини, видеоматеријалите и снимките за различни платформи се моќен медиум за пренесување информации, а начините на нивно создавање, користење и контекстот во којшто се употребуваат отвораат значајни прашања поврзани со професионалноста и етичноста во работењето. Во секој вид сторија, визуелното претставување силно влијае врз публиката.

Во такви ситуации, клучна е улогата на снимателот, како директен сведок на случувањата. Моќните снимки и фотографии можат да го обликуваат јавното мислење, па и да предизвикаат промени во општеството, но со таквата моќ следува и значителна етичка и интелектуална одговорност.

Од снимателите во медиумите, пред сè, се очекува да бидат отпорни на секаков вид притисоци и влијанија насочени кон нарушување на нивниот професионален и личен интегритет, за што, пак, се очекува да имаат целосна поддршка од редакцијата за која работат. Тие својата работа треба да ја вршат непристрасно и независно, а снимениот материјал не смее да ја доведува публиката во заблуда и да создава впечаток дека е подготвен на начин за да биде тенденциозно заштитена или оштетена конкретна страна.

Снимениот материјал кој ја надополнува новинарската содржина мора да е веродостоен и да соодветствува на фактите. Снимката не смее да биде направена на начин што ќе води кон погрешен и невистинит заклучок и треба да ѝ овозможи на публиката полесно да го формира своето мислење во однос на конкретната тема или настан. Освен тоа, снимателите мора да го почитуваат личниот интегритет на поединците и нивното право на приватност. Ова се само дел од темите поврзани со професионалното и етичкото работење на снимателите коишто ќе бидат опфатени во Прирачникот.

Оттука, во фокусот на овој Прирачник е работата на снимателите од аспект на универзално прифатените етички принципи за коректно, непристрасно и објективно работење, а се прави и осврт на националната законска рамка и одредбите што директно ја засегаат оваа професија. Прирачникот содржи

насоки и препораки за професионална работа на снимателите, а се очекува да биде корисна алатка и во функционирањето на редакциите воопшто, како и за запознавање на јавноста со улогите и одговорностите на оваа професија.

Целта на Прирачникот е, пред сè, на снимателите да им послужи како ***едукативна и практична алатка*** која:

- ***ќе ги разјасни*** постоечките правни и етички стандарди за безбедна, професионална и етичка работа на снимателите
- ***ќе ја поедностави*** нивната работа со насоки за начините на кои снимателите треба да постапуваат во конкретни ситуации и
- ***ќе помогне*** за спроведување одредени стандардни постапки при снимањето.

Прирачникот е замислен на начин да поттикне размислување и да послужи како рамка на правни и етички стандарди која во иднина ќе биде надградувана и надополнувана во согласност со очекувањата од оваа професија, нејзините предизвици и можности.

2. СНИМАТЕЛ – УЛОГИ, ОДГОВОРНОСТИ, ВЕШТИНИ И ВАЖНОСТ НА ПРОФЕСИЈАТА

Ако веруваме дека при емитување на прилозите, поголемиот дел од перцепцијата која се доживува доаѓа од снимката и дека снимката во голема мера влијае врз емоционалниот и рационалниот впечаток од емитуваниот прилог, јасно е дека улогата на снимателите во информирањето на јавноста е огромна.

Професијата снимател опфаќа практични и креативни одговорности. Визуелизацијата на содржините е дел од улогата на снимателите. Тие се секогаш најдобрите извори на настанот на кој присуствуваат, снимајќи широк спектар на содржини во форма на снимки кои се користат за различни цели. Личното присуство на терен каде што се снима, им овозможува на овие професионалци да ја „покажат" веста, а не само да се каже тоа што е ново или актуелно.

Работата како снимател подразбира многу повеќе отколку само поставување камера и снимање. Потребно е добро да се познава природата на настанот, случувањето и субјектот кој се снима, како и публиката за која е наменет резултатот од нивната работа. Снимателите се одговорни за сè што мора да биде визуелно прикажано на екранот, а за да го направат тоа потребни се исклучителни вештини.

Како и со повеќето креативни работи, потребно е и снимателот да размислува „надвор од рамката". Користејќи ги своите знаења, вештини и искуство, тој треба да биде во можност да понуди решенија или креативни промени при снимањето на терен. Особено е значајно снимателите во својата работа да бидат во координација со останатиот дел од тимот, со оглед на заедничкото влијание врз она за што ќе се известува. Тие обезбедуваат експертиза и знаење кои им овозможуваат на режисерите, уредниците, продуцентите и монтажерите визуелно да ги презентираат „приказните".

Снимателите треба да бидат колку што е можно поблиску до локацијата на случувањето, а нивните искуства и вештини да им овозможуваат преку внимателен избор на позицијата да се погрижат и за својата безбедност. И покрај тоа што е пожелно да се работи во координација со останатиот дел од екипата, сепак, различната природа на нивната работа наметнува

и различни степени на ризик, оттука во одредени моменти побезбедно е да работат одвоено.

Накратко, примарните одговорности и задачи на снимателите вклучуваат, но не се ограничени на следново:

- **Снимање кадри и звуци за да ги илустрираат настаните и приказните со примена на сите етички, естетски и технички стандарди.**
- **Одржување и заштита на опремата за снимање.**
- **Снимање вести и приказни како што определил уредувачкиот тим, во координација со новинарот.**
- **Префрлување на снимениот материјал.**
- **Селекција на снимки и кадри за илустрација на содржините за кои се известува.**
- **Координирање со продуцентите и други креативни и технички кадри.**
- **Соработка со уредувачкиот тим за да ги утврдат потребите и да учествуваат во нивното остварување, како што е определено.**
- **Обезбедување креативни совети за редакцијата при известувањето за определен настан.**
- **Соработка со редакцијата во утврдувањето на целосната намена и цел на продукцијата.**

Особено е значајно снимателот да има активна соработка со новинарот, уредникот и другите стручни лица во редакцијата, со што би се подигнал квалитетот на прилогот/ содржината. „Посебно е значајно да соработуваме со новинарите, затоа што реално и практично нема добар производ ако овие две професии, кои се неделиво ткиво, не функционираат"[1].

Во Македонија, занимањето снимател е опфатено во Националната класификација на занимања[2] под шифра:

352 - Техничари за телекомуникација и пренос на слика и звук
3521 - Техничари на опрема за снимање и пренос на слика и звук
3521.01 - Снимател на слика

[1] Цитат од интервјуто со Т.И., снимател, реализирано на 15.6.2019 година.
[2] Одлука за утврдување на Националната класификација на занимања објавена во Службен весник на Република Македонија број 37/2011 од 24.3.2011 и Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на Национална класификација на занимања објавена во Службен весник на Република Македонија број 178/2015 од 15.10.2015 година.

На интернет страницата на Агенцијата за вработување објавена е Меѓународната стандардна класификација на занимања (ISCO) во која е содржан краток опис на потребните вештини за целата група на занимања – техничари на опрема за снимање и пренос на слика и звук, кои се опфатени под шифрата 3521, како што следува:

фотографирање за потребите на рекламирање и други комерцијални и индустриски или научни цели, како и за илустрирање репортажи и текстови во весници, магазини и други публикации;

организирање и управување со микроскопи, филмски, видео и други специјални камери за воздушно снимање, контролирање на опрема за снимање на филмски звуци, видеоленти, грамофонски плочи, аудиоленти, дигитални дискови и за телевизиско и радиопренесување или за други цели;

контрола на опрема за да се претстават и комбинираат снимки со слика и звук за да се обезбеди задоволувачки квалитет и за да се создаде специјална слика и звучни ефекти;

примена на знаења од принципите и практиката на снимањето и презентирање на звук и слика за да се откријат и решат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;

извршување на сродни задачи;

надзор на други работници[3].

Но, нема конкретен опис на занимањето снимател.

На Факултетот за драмски уметности, постојат додипломски студии по филмско и ТВ-снимање. Студентите кои ќе ја завршат оваа студиска програма, добиваат звање дипломиран филмски и телевизиски снимател[4].

Од земјите-членки на Европската Унија, како пример за компарација ја одбравме Словенија[5]. Во Националната класификација на занимања на Република Словенија[6], за занимањето снимател е изработен Каталог на

[3] https://e-rabota.avrm.gov.mk/ISCO88Opis.aspx, пристапено на 15.8.2019 година.
[4] http://www.fdu.ukim.edu.mk/index.php?mn_sel=do_f_snim, пристапено на 15.8.2019 година.
[5] Правниот систем на Република Словенија, која е членка на Унијата од 2004 година, има заедничка правна основа, односно заеднички корени со нашиот правен систем.
[6] http://www.npk.si - Nacionalna poklicna klasifikacija, пристапено на 15.8.2019 година.

професионални знаења и вештини[7] во кој точно е определен потребниот степен на квалификација според ЕУ стандардите (SOK 6/EOK 5), потребното стручно знаење и вештини, како и посебните услови што треба да ги исполнува лицето кое сака да ја стекне оваа професионална квалификација, вклучително и начинот на проверка на стручното знаење и вештините. Во Каталогот е прикажана и Работната група составена од стручњаци, која ги подготвува, проверува и координира стандардите на стручното знаење и искуство за занимањето снимател. Врз основа на Каталогот е изработена Програма за обука за стекнување звање снимател и се наведени сите образовни институции кои ја спроведуваат оваа Програма.

Доколку го следиме искуството на Словенија, и кај нас, за снимателите ќе треба да се подготви Каталог на професионални стандарди за потребното стручно знаење и вештини, да се промовираат овие професионални стандарди, да се подготви Програма за обука за стекнување на звање снимател, да се определат образовните институции кои ќе ја спроведуваат оваа обука, понатаму, ова занимање задолжително да биде правно регулирано со внатрешен акт, како што е актот за систематизација на работните места на конкретниот медиум во кој снимателот има засновано работен однос или е ангажиран врз која било основа за потребите на медиумот.



[7] http://www.npk.si/katalog.php?katalogid=25166421 – Katalog strokovnih znanj in spretnosti, пристапено на 15.8.2019 година.

3. ПРАВНИ И ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА И БЕЗБЕДНА РАБОТА НА СНИМАТЕЛИТЕ

При секојдневната работа на терен, снимателите во медиумите се соочуваат со различни ситуации кои им носат различни предизвици, па и потешкотии, а исто така, им создаваат и дилеми во однос на тоа како да постапат. Ваквите околности бараат јасни одговори, со оглед на тоа што е многу поедноставно кога се работи според однапред познати „правила на игра".

За жал, законодавецот има пропишано малку правни норми кои ги разрешуваат нивните дилеми. Но, повеќе од сигурно е дека тешко може однапред точно да се предвиди секоја конкретна ситуација, оттука правните стандарди опфатени во овој Прирачник треба соодветно да се употребат и толкуваат во секоја конкретна ситуација. Истото се однесува и на етичката рамка, која пропишува определени стандарди коишто се поврзани со известувањето на медиумот, но не е сеопфатна за да одговори на многу ситуации на кои наидуваат снимателите. Оттука, во овој процес, од големо значење се упатствата од колегите новинари, а најважни се оние од уредникот, во однос на потребите и политиката на работа на медиумот.

Со дополнително зајакнување на правната и етичката рамка за работењето на снимателите во медиумите, ќе се овозможи поголема поддршка за оваа професија, но и ќе се придонесе кон поголема професионализација во работењето на медиумите.

3.1. Слобода на информирање, право на приватност и заштита на лични податоци

Повеќето дилеми околу снимањето содржини за медиумите се поврзани токму со утврдувањето соодветна рамнотежа меѓу правото на слободно изразување и правото на приватност на поединците. Сепак, мора да се има предвид дека правото на приватност не треба да го ограничува правото на слобода на изразување. Медиумите се должни да ја почитуваат приватноста и да не ја повредуваат, освен доколку постои „добра причина" за да отстапат од тоа, односно кога станува збор за нешто што е од јавен интерес.

Оттука, медиумите неретко се соочуваат со тешка задача да проценат дали информирањето за одреден настан е од јавен интерес и да обезбедат рамнотежа меѓу правото јавноста да биде информирана и правото на приватност на поединците. За да се постигне оваа рамнотежа, потребни се богато искуство и знаење, како и добра проценка во секој поединечен случај.

Мора да се нагласи дека е многу тешко да се постигне оваа рамнотежа само со примена на норми пропишани од законодавецот. Рамнотежата многу повеќе може да се постигне со почитување на етичките норми, а етиката во медиумите може да се гради само со развој на професионалната свест на новинарите, снимателите и другите медиумски работници.

Имајќи ја предвид важната улога на снимениот материјал при креирањето на новинарскиот прилог или содржина, во продолжение е даден преглед на релевантните уставни и законски одредби со кои треба да се запознаат снимателите:

Член 16 од **Уставот на Република Северна Македонија**[8] ја гарантира слободата на уверување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говор, јавен настап, јавно информирање и слободно основање институции за јавно информирање. Член 25 од **Уставот** гарантира почитување и заштита на приватноста на личниот и семејниот живот на граѓанинот и на неговото достоинство и углед, а член 18 ја гарантира сигурноста и тајноста на личните податоци и на граѓаните им гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето информации за нив преку обработка на податоци.

Законот за медиуми[9] ја гарантира слободата на изразување и слободата на медиумите. Слободата на медиумите опфаќа слобода на прибирање, истражување, објавување, избор и пренесување на информацијата во насока на информирање на јавноста, но и почитување на човечката индивидуалност, приватност и достоинство.

[8] https://sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx
[9] Службен весник на Република Македонија број 184/2013 и 13/2014.

Законот за заштита на личните податоци[10] ја штити приватноста на поединците преку детално и комплексно регулирање на обработката на личните податоци и нивната заштита, при што во однос на јавното информирање предвидува исклучок. Овој Закон не се применува врз обработка на лични податоци што се врши за целите на професионалното новинарство само во случај ако јавниот интерес преовладува над приватниот интерес на поединецот.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[11] ги обврзува јавните и приватните радиодифузери на почитување и заштита на приватноста, достоинството, угледот и честа на индивидуата.

Законот за медиуми и **Законот за аудио и аудиовизуелни услуги** не дефинираат што е јавен интерес за медиумите, но вториот закон, сепак, упатува на јавниот интерес, определувајќи одредени медиумски услуги како „програми од јавен интерес" и наметнувајќи посебен правен режим на ваквите програми.

Законодавецот пропишал подетални дефиниции за јавниот интерес во **Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда**[12], согласно кој, како подрачја и прашања на јавен интерес се сметаат особено: сите облици, институции и активности на вршење на државна власт и јавни институции, локалната самоуправа, општествените дејности како здравството, културата, уметностите, образованието, науката, спортот, средствата за јавно информирање, правниот систем и примената на правото и економскиот систем и економските односи и животната средина, како и во **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**[13], согласно кој, „јавен интерес" во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации, со чиешто објавување, односно остварување пристап ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување, противправно стекнување

[10] Службен весник на Република Македонија број 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018.
[11] Службен весник на Република Македонија број 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019.
[12] Службен весник на Република Македонија број 143/2012.
[13] Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019 (овој закон ќе почне да се применува 6 месеци по влегување во сила, односно од 30.11.2019 година).

или трошење на буџетски средства, потенцијален судир на интереси, ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето или загрозување на животната средина, ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

Јавен интерес не е она што ја интересира јавноста од љубопитство. Затоа, правото на јавноста да знае не може да биде изговор да се навлегува во приватниот живот на конкретен поединец. На пример, јавноста сака да знае сè за приватниот живот на една јавна личност, но тоа не е јавен интерес. Непроверени и анонимни снимки не може да се објавуваат во име на задоволување на јавниот интерес. Од друга страна, откривањето на прекршување на законот, криминал и корупција од страна на претставници на власта е јавен интерес.

Правото на приватност е во центарот на дебатите поврзани со етичноста во работењето на медиумите. Пред да се почне со снимање, важно е да се размисли околу етичките прашања поврзани со тоа. Во основа, крајната одлука се сведува на проценка на снимателите и уредниците за тоа каде ќе биде поставена „линијата". Без разлика дали има законски ограничувања или не, најочигледниот начин за да се избегне каков било конфликт е да се побара дозвола за снимање.

На отворени јавни простори снимањето не е забрането, но без одобрение не треба да се издвојува која било личност во портрет. „Доколку таа личност е дел од некој настан, може да биде снимена во портрет и прикажана како дел од целината, но да не се користи како инсерт надвор од тој настан. Од друга страна, доколку на јавен простор има настан организиран од некоја фирма, настанот може да се снима без одобрение и посетителите се третираат како присутни на јавен простор"[14].

Проблем на којшто најчесто се наидува се вознемирени поединци. Тие обично заземаат став дека доколку бидат снимени без нивна дозвола, тоа ќе биде незаконски. Токму во овој дел снимателите треба да бидат „вооружени" со знаење и со способност да ја проценат конкретната ситуација, па ако е потребно, аргументирано да објаснат дека имаат право да снимаат на јавен простор и да го „одбранат" ваквиот свој став.

Од друга страна, снимателите не смеат да снимаат тајно, освен во исклучителни околности кога постојат безбедносни или други легитимни причини за тоа. Тајното снимање не е само етичко прашање, туку е и правно, а во некои држави за да се објави снимениот материјал мора да се согласи едната, а во други и обете страни. Во Етичкиот кодекс на Швајцарскиот совет за етика во медиумите[15] е наведено дека тајното снимање е оправдано во случаи на голем јавен интерес којшто ќе го оправда објавувањето или емитувањето на таквите материјали, коишто вообичаено не би можело да се

[14] Цитат од интервју со С.С., снимател, реализирано на 12.6.2019 година.
[15] Швајцарски совет за етика во медиумите, *Етички кодекс*, достапен на: https://presserat.ch/en/journalisten kodex/richtlinien/, пристапено на 10.6.2019 година.

стекнат на друг начин. Во такви случаи, потребно е целосно заштитување на идентитетот на лицата кои се случајно присутни на настанот. Ако е снимен ликот на поединецот, тогаш ќе биде потребно да се замагли за да се спречи неговата идентификација, а гласот, исто така, може да биде преправен.

Во Уредувачките стандарди и најдобри практики на Асошиетед Франс прес[16] (АФП) се наведува дека доколку лицата ја забележале камерата, тие, практично, премолчено се согласиле да бидат снимени, но дека треба да се почитува анонимноста на тие коишто го бараат тоа. Оттука и препораката во такви ситуации да се снимаат рацете или нозете, но не и лицето. „Во многу случаи ни требаат инсерти од популација на јавен простор... луѓе кои се движат по улици, на плоштади, на автобуски станици и сл. Најчесто тоа се кадри од група луѓе во движење, без да се издвојува или следи некој поединечно. Ние, снимателите, треба да сме вешти и да го доловиме моментот, но не и да ја нарушуваме приватноста на субјектот. Тоа може да се реши со крупни кадри од раце, нозе, делови од облека, итн.[17]"

Сепак, кога станува збор за користење анонимни извори, а особено кога тие изнесуваат сериозни обвинениј, тогаш, според Уредувачките насоки на Би-Би-Си[18], на публиката треба да ѝ се обезбедат колку што е можно повеќе информации за нив, а тоа да биде во корелација со заштитата на нивниот идентитет. Тоа треба да биде направено и на начин што нема погрешно да ја насочи публиката во врска со нивниот статус. Ова, секако, е значајно и за новинарите и за снимателите, односно за целата редакција.

Во случај, пак, кога се снимаат лица со ограничена деловна способност или намалена одговорност, кои можеби не се свесни дека се снимени (лица со пречки во менталниот развој, повредени или затруени луѓе), тогаш мора да се добие одобрение од друго одговорно лице (роднини или здравствени работници). На пример, за да се илустрира приказна за прекумерна потрошувачка на алкохол, возможно е за илустрација да се снимаат затруени лица, но нивниот лик и лични обележја мора да бидат замаглени за да се заштити идентитетот.

[16] Асошиетед Франс прес, *Уредувачки стандарди и најдобри практики*, достапно на: https://www.afp.com/communication/chartes/12_april_2016_afp_ethic_final.pdf, пристапено на 1.6.2019 година.
[17] Цитат од интервју со С.С., снимател, реализирано на 12.6.2019 година.
[18] Би-Би-Си, *Уредувачки насоки*, достапни на: https://www.bbc.co.uk/guidelines/editorialguidelines/assets/guidelinedocs/Producersguidelines.pdf, пристапено на 3.6. 2019 година.

3.2. Снимање различни целни групи и настани

3.2.1. Снимање „обични" граѓани или јавни личности

Во согласност со **Законот за заштита на личните податоци**, *ликот на секој поединец* е личен податок, а таквите податоци може да бидат снимени и подоцна објавени од страна на медиумите без согласност на поединецот само доколку јавниот интерес преовладува над неговиот приватен интерес.

Бројни се случаите во кои се идентификувани поединци во медиумските прилози и емисии, иако тоа не треба да биде случај. Идентитетот на поединецот е откриен не само во случај кога е објавено неговото име и презиме, туку и со објавување снимка или со изнесување други детали за него.

Честопати, особено кога се известува за економски или социјални прашања или за временска прогноза, за медиумските прилози снимателите подготвуваат инсерти од секојдневието: луѓе кои се движат на улица, плоштади, автобуски станици, клиенти во банка кои чекаат ред на шалтер, купувачи покрај полици во супермаркет, пациенти во болнички ходници, публика на спортски натпревари и сл. Најчесто тоа се инсерти на кои има група луѓе, без да се издвојува или следи кој било поединечно. Понекогаш се снимаат кадри од бездомници и лица што просат. Во сите овие случаи, не треба да се открива идентитетот на поединците.

Кога се снимаат поединци, без оглед на која целна група припаѓаат, појдовната точка од која треба да се тргне е почитувањето на приватноста, преку одвојување на нивниот личен и приватен живот од нивниот јавен живот. Без согласност на поединецот не е дозволено снимањето преку кое се откриваат неговите реакции и однесување на места или во услови кога е разумно тој да очекува приватност.

Инаку, колку повеќе поединецот влегува во јавниот живот, толку неговото право на приватност се намалува. Јавните личности може да бидат снимани и без нивна согласност ако има јавен интерес за тоа. Јавните личности (вршители на политичка или друга јавна функција, актери, личности од естрадата) се секогаш под „лупа" на јавноста. Тие со прифаќање на

функцијата или конкретната професија, во голема мера, се откажуваат од своето право на приватност. Мешањето во нивната приватност особено е оправдано во случај на незаконско однесување кое влијае на нивниот јавен живот или станува предмет на легитимен интерес на јавноста. Јавните личности се идеална мета за снимателите секаде во светот каде што новинарите слободно си ја вршат својата работа.

3.2.2. Снимање малолетни лица

Во голем број држави идентитетот на малолетните лица е целосно заштитен. Малолетните лица може да бидат снимени единствено врз основа на претходно дадена согласност од нивниот родител или старател, по можност во писмена форма, дури и кога темата за која се известува е тривијална и неконтроверзна.

„Сме имале ситуации во кои управител на градинка ни одобрувал да снимаме, а тврдел дека има усна согласност од родителите. Но, тоа не е валидно, затоа што, сепак, може да добиеме тужба од родителот, а на суд не може да се потврди дека сме имале дозвола. Инсерти од градинка може да се снимаат, но само во широк план, каде што си играат деца, а сè друго мора да биде со замаглен лик. Исклучок се организирани манифестации за кои навремено се собрани потписи од родителите и на кои учествуваат само деца со одобрение (на пр., танцови натпревари, прослави, фестивали)"[19].

[19] Цитат од интервју со С.С., снимател, реализирано на 12.6.2019 година.

Сепак, има околности кога не е возможно да се добие писмено одобрение за снимање деца, како, на пример, за време на војна, природна катастрофа или друга околност од исклучително јавен интерес. Во такви случаи се користи проценката на уредниците.

Иако важечкиот **Закон за заштита на личните податоци** не содржи одредба со која се обезбедува посебна заштита на личните податоци на малолетните лица, во постапките што досега се водени пред Дирекцијата за заштита на личните податоци или пред судовите утврдена е повреда на правото на заштита на лични податоци во конкретни случаи кога е објавен лик на малолетно лице, без согласност на родител или старател. Новиот Предлог - закон за заштита на личните податоци, кој се очекува да биде усвоен до крајот на 2019 година, содржи повеќе одредби со кои се предвидува посебна заштита на личните податоци на малолетниците при нивната обработка.

И **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** предвидува заштита на малолетни лица. Медиумите не смеат да емитуваат програми кои сериозно можат да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство.

Доколку малолетното лице е вклучено во случај на сексуално насилство или друг облик на насилство или кривично дело, без оглед дали се јавува во улога на сведок, жртва, осомничен или обвинет, медиумите не смеат да го откријат неговиот идентитет, освен во исклучителен случај кога е тоа од јавен интерес и кога не се загрозува доброто на детето.

Генерално правило е дека во секоја ситуација кога се снимаат малолетни лица, инсертите треба да бидат селектирани и разгледани пред да се пуштат во етер.

3.2.3. Снимање и комуникација со службени лица

Претставниците на полицијата честопати се предмет на интерес на медиумите без оглед на улогата во која се јавуваат: како обезбедување пред јавни институции или на мирни протести, при судир со демонстранти, при

приведување сторители на насилство, како униформирани лица со оружје седнати во гостилница, специјални единици на полицијата без униформи и ознаки при рација или за време на меѓуетнички судири.

Во согласност со **Законот за полиција**[20], *полициското службеник* е овластен да забрани снимање на местото на настанот заради заштита на жртвите на кривичното дело или прекршокот или заради заштита на интересите на постапката. Доколку, во конкретен случај, полициското службеник забрани снимање во согласност со оваа законска одредба, тој е обврзан да постапува во рамки на законски утврдена постапка.

Снимањето на *административните службеници* не е законски регулирано. На медиумот не може да му биде забрането да го снима административниот службеник на јавно место, бидејќи тоа би било спротивно на уставно загарантираната слобода на изразување и информирање. Снимателите можат да влезат на неговото работно место, само врз основа на претходно одобрение од страна на надлежно лице од институцијата за снимање во конкретниот објект.

Овластувањата на *работниците за приватно обезбедување на имот и лица* се утврдени со **Законот за приватно обезбедување**[21]. Меѓу останатото, тие се овластени, по претходно предупредување, да забранат неовластено снимање или внесување на средства и опрема за таа намена во имотот што го обезбедуваат.

[20] Службен весник на Република Македонија број 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016, 120/2016, 21/2018 и 64/2018.
[21] Службен весник на Република Македонија број 166/2012, 164/2013, 148/2015, 193/2015 и 55/2016.

3.2.4. Снимање осомничени или обвинети лица

Во согласност со **уставно загарантираното начело на презумција на невиност**, никој не може да се смета за виновен сè додека тоа не се утврди со правосилна судска одлука. Објавувањето на идентитетот на *осомничените или обвинетите лица* преку медиумите претставува директно кршење на ова начело, бидејќи на ваков начин овие лица „се веќе осудени" од страна на јавноста и се нарушени нивниот углед, достоинство и интегритет, дури и во случај подоцна да се запре постапката против нив или да се донесе одбивателна или ослободителна пресуда.

Во согласност со **Законот за кривичната постапка**[22] објавувањето на фотографии или снимки на лица приведени или лишени од слобода се врши со прикривање на изгледот на лицето.

Снимањето на чинот на приведување на осомничен е неприфатливо, а доколку се направи снимка, по правило, лицето треба да е замаглено, односно прикриено, за да не може да се утврди идентитетот, односно да се обезбеди соодветно анонимизирање. Истото важи и за снимањето и објавувањето на податоци за обвинет. Тоа би можело да се реши со снимање крупни кадри од рацете со лисици, снимање одзади, без да се види лицето или со замаглен лик во постпродукција. „Кај лицата, пак, за сторени тешки кривични дела, како што се убиства, силување или, пак, недозволена трговија обично сме го снимале местото на настанот, а во дадени ситуации и нивните живеалишта, при што неретко сме наидувале и на неволји"[23].

По исклучок, доколку осомниченият или обвинетиот е јавна личност и медиумот одлучи да го објави неговиот идентитет затоа што преовладува јавниот интерес, ликот, сепак, мора да биде замаглен, односно прикриен на снимката, бидејќи за тоа постои законска обврска. Исто така, доколку истражните или други надлежни органи го соопштат името и презимето, бесмислено е медиумите да го кријат неговиот идентитет, но и во овој случај ликот мора да биде замаглен, односно прикриен.

Во секој случај, мора да се внимава осомничените, односно обвинетите, да не бидат прикажувани на понижувачки начин.

[22] Службен весник на Република Македонија број 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018.
[23] Цитат од интервју со С.С., снимател, реализирано на 12.6.2019 година.

3.2.5. Снимање сторители на сексуално насилство

Снимањето и објавувањето на идентитетот на сторител на сексуално насилство може да е од јавен интерес, особено ако сторителот и натаму претставува закана за безбедноста на другите.

Со **Законот за посебен регистар за лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела за сексуална злоупотреба на малолетни лица и педофилија**[24] утврдени се податоците кои јавно се објавуваат во Регистарот, меѓу кои и фотографијата на осуденото лице. Осудено лице може да побара изземање од јавно објавување на неговите податоци во Регистарот, под услов да не го повтори кривичното дело за кое е осуден, односно да не стори друго дело, во период од десет години по истекот на казната на која е осуден.

По неговата ресоцијализација, снимањето и објавувањето на идентитетот на сторителот може да наштети на неговата повторна интеграција во општеството и не може да се оправда со јавниот интерес.

3.2.6. Снимање жртви на кривично дело

Жртви на кривично дело се лица кои претрпеле штета (физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда на своите права и интереси) како последица од сторено кривично дело.

Нивниот идентитет може да биде откриен, само со нивна согласност, односно доколку одлучат да ја раскажат својата приказна. Жртвите на кривично дело може да бидат снимени без нивна согласност единствено доколку постои исклучителен јавен интерес.

Откривањето на идентитетот на жртвите на кривично дело ја зголемува тагата, болката и траумата кај самата жртва и кај нејзините блиски.

[24] Службен весник на Република Македонија број 11/2012 и 112/2014.

3.2.7. Снимање при несреќи, катастрофи, војни, лични трагедии

Иако е важно да се снима местото на несреќата или местото каде што се случила природна катастрофа, сепак, мора да се внимава да не се снимаат и објавуваат жртвите, ниту, пак, да се земаат изјави од самите жртви или нивни блиски во состојба на тага и вознемиреност.

Снимките од овие случувања мора да го почитуваат угледот на лицата, со тоа што ќе се води сметка и за заштита на семејствата и роднините на тие што настрадале. Насилството не треба да се прикрива, но од друга страна, општо правило е, раните и повредите, уништените екстремитети или трупови да не се снимаат одблиску. При прикажувањето несреќи и трагични настани важно е да се покаже сочувство и емпатија. Начинот на кој се снима или фотографира од настанот не смее да предизвика дополнителен стрес и вознемиреност кај луѓето коишто се соочиле со загубата. Потребно е да се избегне и снимање на лица коишто се вознемирени и под стрес.

Понатаму, треба да се избегнува и користењето снимки кои прикажуваат страдања, болка, насилство или тага, со оглед на тоа што може да предизвика повторна траума, особено доколку има лица коишто може да се идентификуваат.

При снимањето содржини поврзани со несреќи, катастрофи и други инциденти се очекува рамнотежа, точност и чувствителност, со цел да се избегне непотребна вознемиреност и трауми. При пренесувањето на овие настани во живо потребно е да се избегне алармирање на јавноста. За настаните и случувањата треба да се информира, но сцените на ужас не треба непотребно да се „експлоатираат". Работата на снимателите треба да биде внимателна и треба да се избегнат непотребни, блиски кадри од сцената на случувањата.

Од друга страна, снимките од несреќи, катастрофи и други инциденти може да се користат во насока на расчистување на причините кои довеле до тие случувања. „Од големо значење е да се снимат што повеќе квалитетни инсерти кои најчесто влегуваат во архивата на телевизијата и ќе бидат користени уште многу пати после самиот инцидент. Секако, треба да се

води сметка за приватноста и интимноста на жртвите. Ликовите може во текот на монтажата да се замаглат, за да не се препознаат, но важно е да се има оригинал на кој се гледа ликот"[25].

Погребите се снимаат само со дозвола од семејството. Притоа, потребно е максимално да се избегне наметливо однесување, како што се и кадрите одблиску на лицата кои тагуваат.

Неретко, снимателите, од емпатичност кон субјектите, избегнуваат да прикажат одредени случувања. „Важно е да им помогнете на луѓето кои ги раскажуваат своите приказни, наместо да ги претставувате како жртви. Наша морална одлука е да не влегуваме во нивните животи само за да ја покажеме бедата со која се соочуваат"[26].

Кога се снимаат трагични настани или акти на насилство секогаш треба внимателно да се земе предвид правото на јавноста да дознае детали за жртвите и другите засегнати лица. Сепак, и снимателите и новинарите мора да избегнуваат сензационалистичко претставување на луѓето, а особено ако станува збор за умирање, страдање или убиство, при што нивното претставување не треба да оди подалеку од пристојните граници што соодветствуваат на легитимниот јавен интерес. „Во случај на несреќи и трагедии од овој тип, важно е камерата да биде објективна и без осудувачки агол, за да можат гледачите да донесат реална проценка за она што се случило. Потоа, во телевизијата, при монтажа, ќе се одлучи кои кадри ќе бидат пуштени во етер. Хорор приказите не се за генералната публика во дневно-информативните емисии и би било невкусно да се прикажат колку само да се подигне гледаноста на медиумот. Доколку одат во емисија од специјален карактер, би требало на почетокот на емисијата да има предупредување за карактерот на емисијата и снимките кои ќе бидат прикажани"[27].

При известување за самоубиства, лични трагедии и смртни случаи треба да се избегнува интервјуирање и прикажување на лицата кои се директно или индиректно погодени од овие настани, освен во случај на исклучителен јавен интерес.

[25] Цитат од интервју со С.С., снимател, реализирано на 12.6.2019 година.
[26] Цитат од разговор со Б.Р., снимател од Холандија, реализирано на 17.6.2019 година.
[27] Цитат од интервју со С.С., снимател, реализирано на 12.6.2019 година.

Со снимањето на жртвите на несреќи, природни катастрофи, војни, луѓе кои страдаат поради лични или семејни трагедии, всушност, се повредува нивната приватност.

Во **Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство**[28] е утврдено дека информациите за жртвата или сторителот на насилството, врз основа на кои жртвата или членовите на нејзиното семејство можат да бидат идентификувани, не смеат јавно да се објавуваат, освен ако жртвата се согласи на тоа.

Ако не е обезбедена согласност за снимање на болните, стари и изнемоштени лица, нивниот лик мора да биде замаглен или прикриен за да не може да биде откриен идентитетот.

Правото на јавноста да знае е водечки принцип во чесното и отворено известување во војна или мир. Снимателите кои се наоѓаат на мисија во странско подрачје, а особено во конфликтни и други сензитивни околности, мора добро да се запознаат со контекстот, избегнувајќи непотребни ризици и опасности. Сепак, насилството што се прикажува на екран може да вознемири одредени категории на гледачи, заради што неопходно е редакцијата да предупреди за таквата содржина. Како што нагласивме и претходно, починатите лица треба да се третираат со почит и да не бидат прикажани, освен ако не постојат важни причини за тоа. Крупните кадри треба да се избегнуваат, но доколку тоа е оправдано, тогаш не треба да се задржат и да траат. Ниту, пак, треба да се дозволи непотребен фокус врз крвавите последици од несреќа или терористички напад. Сепак, до степен до којшто е етички прифатливо, снимките треба да ги доловат ужасните околности и реалноста.

Снимателите секогаш треба да се свесни за фактот дека завојуваните страни во конфликт може да ја перципираат опремата за снимање како оружје. Оттука, потребно е да ги вложат сите напори за да покажат дека не претставуваат никаква закана. Секако, неопходна е и согласност пред да се почне со снимање. Поконкретно, снимателите треба да носат документ за идентификација, со цел да избегнат загрозување на нивната сигурност

[28] Службен весник на Република Македонија број 138/2014, 33/2015 и 150/2015.

и безбедност. Материјалот кој е стекнат од вооружените сили и војската мора да се означи како таков, со цел да не се создаде конфузија дека потекнува од снимателите на терен.

Снимките од војни и конфликти мора внимателно да се прегледаат, пред нивно објавување или емитување, во соработка со уредниците. Пред сè, потребно е да се постават следниве прашања:

- **Дали ќе се повреди човечкото достоинство со фактот дека снимката претставува автентично сведоштво за случувањата?**
- **Дали лицата на снимките се препознатливи и со самото тоа ќе се повреди нивното достоинство и интегритет?**

Од друга страна, за време на напади снимателите може да се најдат во „вкрстен оган" меѓу групите и поединците што се во конфликт. „Во такви моменти снимателот сам одлучува дали ќе се повлече или ќе остане. Овие снимки може да се искористат при судски процеси... Снимателот никогаш не треба да се става меѓу напаѓачите и обезбедувањето/полицијата и да се доведе во безизлезна ситуација. Но, сепак, подобро е каква било снимка, отколку никаква"[29].

[29] Цитат од интервју со С.С., снимател, реализирано на 12.6.2019 година.

3.2.8. Снимање и постапување со содржини поврзани со ранливи категории на граѓани

За граѓаните кои спаѓаат во ранливи категории, без разлика дали станува збор за лица со посебни потреби, пациенти или лица со друг вид ограничување, како што нагласивме и претходно, неопходно е да се добие дозвола од лице коешто може да одлучува во нивно име. Доколку станува збор за пациенти, снимањето треба да започне само откако е добиена согласност од самиот пациент, кој треба да биде свесен за она што ќе го очекува од снимањето. Согласноста, всушност, треба да се добие од пациенти кои се свесни и кои можат да ги разберат последиците од нивните постапки.

Пациентите кои се сериозно болни или повредени, психички вознемирени или страдаат од тешка болка, честопати, немаат капацитет да дадат согласност и ним не треба да им се приоѓа. Согласноста не треба да се добие под притисок или кога пациентот се чувствува принуден да се согласи поради страв или од благодарност.

Со посебно внимание треба да се пристапи и при снимањето на лица кои имаат антисоцијално однесување, со оглед на тоа што публиката може да биде подложна на имитирање на нивното однесување. Исто така, потребно е, да се избегнува снимање на лица кои нелегално употребуваат дрога и психотропни супстанции, поради тоа што ваквите снимки може да поттикнат ефект на имитација од други лица.

Етичката употреба на снимки на бегалци и мигранти и други ранливи луѓе е, исто така, мошне важно прашање. Иако таквите снимки покажуваат драматични и значајни случувања, особено е важно да се утврди контекстот во кој ќе се искористат од страна на редакцијата.

3.3. Снимање приватни и јавни објекти и снимање на јавни места

Приватните објекти може да се снимаат однадвор, без зумирање на кадри, бидејќи на таков начин би се нарушила приватноста на поединците во самите објекти. Ова важи за станбените згради и семејните куќи, каде што не смее да се навлезе во приватноста на станарите. Внатре во приватните објекти може да се снима само врз основа на одобрение од сопственикот на објектот, а по исклучок и без одобрение, но само ако е оправдано да се наруши приватноста на поединците заради задоволување на јавниот интерес.

Истото важи и за комерцијалните објекти како што се продавници, ресторани и друго. За снимање во внатрешноста на овие објекти или со зумирање кадри е потребно одобрение од сопственикот или од раководството.

Влегувањето на снимателите на туѓ имот, односно на приватен простор, без придружба на надлежни државни органи претставува прекршок, а постои ризик да претставува и кривично дело. Затоа е важно снимателите да се запознати и со некои одредби од **Кривичниот законик**[30]. Кривичното дело „Неовластено снимање" се однесува на неовластено правење фотографски, филмски или видео снимки на друго лице или на неговите лични простории без негова согласност, повредувајќи ја неговата приватност. Кривичното дело „Нарушување на неповредливоста на домот" се однесува на неовластено влегување во туѓ дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или приватен деловен простор означен како таков.

Во *јавните објекти*, како што се спортските сали и стадиони, се снима само врз основа на претходно одобрение и акредитација. Одобрението се добива од субјектот што ги има авторските права за пренос на конкретен настан. На пример, зависно од тоа какво одобрение ќе се добие, некои концерти се снимаат целосно, некои само неколку минути. Некои спортски натпревари воопшто не е дозволено да се снимаат, но затоа, пак, дозволено е снимање на прес - конференцијата по натпреварот. Кога се снима публиката, целта е да се долови атмосферата

[30] Службен весник на Република Македонија број 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018.

на конкретниот јавен настан. Притоа, кога настанот се снима од страна на медиумите, очекувано е присутните да бидат снимени. Со самото присуство на настанот, тие премолчено се согласуваат да бидат снимени.

Снимањето на објектите надвор од нивниот двор (граница) е дозволено, освен во случај ако постои експлицитна забрана за снимање на конкретен објект. Во согласност со **Законот за полиција**, полициското службеник може да издаде усна наредба на граѓанин во случај кога е тоа потребно за заштита на сигурноста на објекти и личности кои се обезбедуваат. Според толкувањето на Министерството за внатрешни работи, дадено за потребите на овој прирачник, полициското службеник има право да забрани снимање и фотографирање објекти од витален интерес за безбедноста на државата. Во оваа насока, полициското службеник во извршувањето на полициските работи може да издаде усна наредба на граѓанин за забрана на снимање, во случаи кога е тоа потребно за заштита на сигурноста на објекти и личности кои се обезбедуваат. Кога полициското службеник го користи ова дискрециono право, задолжително треба претходно да одмери дали во конкретниот случај безбедноста на државата преовладува над загарантираните човекови права.

Во согласност со **Законот за одбрана**[31], не може да се врши снимање во објекти и зони од значење за одбраната, како и во зоните во кои се ограничува движење, престој и населување, без одобрение на Министерството за одбрана.

Снимателите треба да се запознати и со кривичното дело „Неовластено влегување во воени објекти и правење скици или цртежи на воени објекти и борбени средства" содржано во Кривичниот законик. Сторител на делото не е само оној кој неовластено прави скици или цртежи на воени објекти или на борбени средства, туку и оној кој ги фотографира, односно снима.

Согласно **Законот за гранична контрола**[32], Министерството за внатрешни работи издава одобрение за снимање на гранични премини. Во барањето за снимање треба јасно да биде наведена целта на посетата (на пример,

[31] Службен весник на Република Македонија број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011 и 215/2015.
[32] Службен весник на Република Македонија број 171/2010, 41/2014, 148/2015, 55/2016 и 64/2018.

снимање на сообраќајни ленти, снимање на објектот, земање изјави од полициски службеници итн.).

Со привремените транзитни центри како објекти од отворен тип управува Центарот за управување со кризи. Но, во овие центри функционираат и објекти на Министерството за внатрешни работи, каде што полициски службеници вршат работи во рамки на своите надлежности, вклучувајќи го обезбедувањето на јавниот ред и мир, регистрација на откриени странски државјани - илегални мигранти итн. За снимање на привремените транзитни центри потребно е да се обезбеди одобрение од Центарот за управување со кризи, но и од Министерството за внатрешни работи. Во барањето за снимање треба јасно да биде наведена целта на посетата (снимање на објекти, на сместени лица или на полициски службеници, земање изјави од полициски службеници итн.).

Снимањето во *болниците*, без оглед дали се јавни или приватни, подлежи на добивање претходно одобрение, а дали ќе бидат снимени пациенти или не, зависи од тоа дали ќе дадат согласност за снимање.

Во согласност со **Законот за локалната самоуправа**[33], основањето, финансирањето и администрирањето на основни и средни *училишта* е во надлежност на општините. Во согласност, пак, со **Законот за основно образование**[34] и **Законот за средно образование**[35], директорите на училиштата се избираат и разрешуваат од страна на градоначалниците на општините, односно градоначалникот на Град Скопје. Оттука, во училиштата се снима врз основа на одобрение за снимање добиено од директорите.

Нема законска одредба која забранува снимање на јавни места. Сепак, при снимање на јавно место не треба посебно да се издвојува и снима конкретен поединец без негова согласност.

Во основа, доколку снимателот снима на јавен простор, има право тоа да го прави без да побара дозвола, со оглед на тоа што тоа е директно поврзано со

[33] Службен весник на Република Македонија број 5/2002.
[34] Службен весник на Република Северна Македонија број 161/2019.
[35] Службен весник на Република Македонија број 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 06/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018.

слободата на изразување. Во повеќето случаи, ова се однесува на снимањето објекти, локации и луѓе, но не се однесува и на воени локации.

При известувањето, пак, за демонстрации потребно е да се обезбеди сеопфатна и непристрасна слика за случувањата. „Јавните протести се специфични самите по себе, а во нашата држава се најризични кога политичката ситуација е зовриена и од тоа зависи и ризикот за известувањето. Кога протестите се од социјален карактер, тие не носат некаков ризик по нас, снимателите, бидејќи се сведуваат на изјави за нивните барања"[36].

3.4. Снимање судови

Согласно **Законот за судовите**[37], звучното (аудио) и визуелното (видео) снимање во судовите се уредува со **Судскиот деловник**[38] на Министерството за правда. Снимањето и фотографирањето во зградата на судот може да се врши со одобрение на претседателот на судот, а во судница каде што се одвива кривична постапка, по одобрение на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија. Во судница каде што се одвива граѓанска постапка или постапка по управен спор, снимањето и фотографирањето може да се врши по одобрение на претседателот на судот, но и со писмена согласност на странките.

[36] Цитат од интервјуто со Т.И., снимател, реализирано на 15.6.2019 година.
[37] Службен весник на Република Македонија број 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018, 198/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија број 96/2019.
[38] Службен весник на Република Македонија број 66/2013 и 114/2014.

Одобрение за снимање или фотографирање во конкретиот предмет се дава врз основа на писмено барање, кое се поднесува во рок од пет дена пред закажаното рочиште. Барањето содржи број на предмет за кој се бара одобрение, назив на медиумот, имињата и составот на екипите (снимател, фотограф, асистент и други), опис на техничката опрема што се внесува во судниците и планираниот начин на следење (видео, аудио, фото), како и назначување на терминот во кој би се извршило снимањето на точно одредено судење или на учесникот во постапката надвор од судењето во судската зграда.

Во текот на снимањето, снимателите не смеат да се движат или да заземаат положба која може да го одвлече вниманието или да го наруши редот во судниците. Микрофоните и другата инсталација се монтираат претходно, на местото што го определил судијата. Микрофоните мора да имаат прекинувач за повремено исклучување. Снимателската и друга опрема, не смее да произведува ефекти кои го одвлекуваат вниманието. При донесувањето на одлука за давање одобрение за снимање и фотографирање се води сметка за интересот на јавноста, природата на случајот, интересот за постапката, приватноста и безбедноста на учесниците во постапката.

Во согласност со **Законот за кривичната постапка**, во судниците можат да се вршат телевизиски снимања, но само по исклучок, ако претседателот на Врховниот суд одобри такво снимање на одделна главна расправа. Ако снимањето е одобрено, советот на главната расправа може од оправдани причини да одлучи одделни делови на главната расправа да не се снимаат.

Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) го признава постоењето на чувствителни информации и со самото тоа поинаку ја третира слободата на изразување. Еден од примерите е случајот Egeland против Норвешка[39], каде што ЕСЧП утврдил дека нема повреда на член 10 од Европската конвенција за човекови права, со забраната да се објават фотографии од жена која е осудена на 21 година затвор, а кои ја прикажуваат со екстремни емоции.

[39] Одлуката е достапна овде: https://hudoc.echr.coe.int/eng-press#{%22itemid%22:[%22003-2707845-2958025%22]}, пристапено на 11.6.2019 година.

3.5. Тајно снимање

Служењето со скриена опрема за снимање, во основа, е недозволено. На јавен простор снимањето е дозволено, но мора да се знае дека се снима. Само доколку станува збор за безбедносен проблем опремата за снимање може да биде скриена.

Генерално правило е дека информациите не може да се добиваат врз основа на тајно снимање (скриени камери и микрофони). Тајното снимање е метод кој може да се користи само во крајна нужда и мора да биде оправдано со голем јавен интерес. Скриеното снимање мора да биде одобрено од страна на одговорниот програмски уредник, заради јавен интерес. На ваков начин се снимаат докази и активности кои јавноста не би ги видела на ниту еден друг начин. Добар пример е продажба на наркотици на улица.

Скриена камера може да се користи и во забавни и слични програми, доколку учесниците дополнително дадат согласност за објава.

3.6. Користење архивски снимки и материјали за реконструкција на настани

Архивските снимки сè повеќе се користат во аудиовизуелните продукции и начинот на нивна употреба е разновиден. Тие се користат за илустрирање актуелни случувања, но мора да бидат јасно означени за да се избегне заблуда кај публиката.

Од друга страна, фактот дека снимките се достапни онлајн, не значи дека може да бидат дел од телевизиското емитување или дигитален извештај без одобрение од носителот на правата. Материјалите креирани од трети лица не треба да се користат без соодветна атрибуција и кредит.

И покрај тоа што интернетот содржи масовна архива на видеоматеријали, потребна е голема внимателност при користењето. Честопати снимките што се на располагање на различни веб-страници вообичаено се со понизок квалитет отколку оние што се стекнати од традиционалните аудиовизуелни извори.

При користење архивска снимка, треба да се обрне внимание на можноста дека некои елементи може да бидат застарени или искористени во погрешно време (на пример, снимки со некој во летна гардероба, а станува збор за зима). Доколку е тоа случај, таквите снимки не треба да се користат повторно, бидејќи може да го одвлечат вниманието на гледачите и да ја нарушат нивната перцепција за сторијата.

Архивскиот материјал што се користи за да се илустрира актуелното прашање или настан мора да биде јасно идентификуван ако постои опасност од конфузија. Откако ќе бидат продуцирани и емитувани, голем дел од снимките треба да се зачуваат за идна употреба; фактот дека еден настан повеќе не е актуелен, не значи дека повторно нема да стане. Сепак, не е возможно да се чува сè, бидејќи ова е скап процес, па затоа потребна е политика за селекција.

Повторното користење архивски снимки за кривични дела треба да се направи со големо внимание, при што материјалот од препознатлив криминал не смее да се користи за да се илустрира друг криминал. Исто така, потребно е да се избегнува користење на снимки кои на каков било начин може да поттикнат расни, етнички, родови стереотипи врз основа на сексуална ориентација на поединецот и сл.

Исто така, треба да се избегнува да се искористуваат во негативен контекст снимки од лица и објекти кои може да се идентификуваат. „Се најдовме во ситуација во која во прилог во кој се зборува за бразилско месо со лош квалитет, ставени се инсерти од наша месна индустрија, при што се гледа логото на фабриката. За да не доаѓа до вакви инциденти, добро би било снимателите да направат крупни кадри, на кои ќе нема обележје од кој било производител, а би биле користени за повеќе видови прилози"[40].

Дури и доколку материјалот првично е снимен со дозвола на луѓето што се прикажани, тие може да се навредат од повторната употреба на таквите слики, особено ако се користат за илустрирање на негативни околности.

Употребата на несоодветен или застарен материјал, исто така, може да предизвика болка или да ги наруши етичките стандарди. Повторното

[40] Цитат од интервју со С.С., снимател, реализирано на 12.6.2019 година.

користење снимки од болни лица треба да се избегнува, како и снимки кои покажуваат трауми (на пример, прикажување болка, страдање, насилство или тага). Дури и кога станува збор за помалку чувствителни теми, повторното користење на истите снимки за илустрирање различни вести може да биде погрешно за поединците коишто ги има на нив.

Од друга страна, архивскиот материјал што се искористува за илустрација на актуелно прашање или тема мора да се означи како таков на екран, со цел да се избегне ризикот за конфузија. Публиката никогаш не треба да биде погрешно насочувана за она што го гледа и слуша. Понекогаш може да се користат и таканаречени фиктивни снимки заради реконструкација на настани, поради недостигот на вистински снимки или со цел визуелно да се подобри содржината на прилогот. Во секој случај, таквите снимки не треба да се претставуваат како нешто што е направено во реалноста.

3.7. Монтажа на снимениот материјал, негово техничко преобликување и реконструкција и илустрација на настани

Монтирањето на снимениот материјал е неопходно и е оправдано манипулирање со снимките сè додека нивниот редослед или повторување не ја менуваат објективната логика на настанот.

Во денешно време, кога има толку брз развој во областа на информатичките технологии, многу лесно може да се направи злоупотреба на визуелни илустрации на одреден настан. Не е препорачливо да се користат технички ефекти со „стоп движење", бавно движење, брзо движење, дуплирање на слика (двојна експозиција) и други средства за трансформација на снимениот материјал. Иако реалноста може да биде целосно деформирана, сепак, автентичноста на снимениот материјал може да се открие со современи компјутеризирани процеси за конверзија на слики.

Доколку се прави реконструкција или илустрација на одреден настан, гледачот треба да добие вистинска и сеопфатна слика за она што, всушност, се случило. Во овој случај, дозволена е само временска фиктивност. Реконструкцијата или илустрација особено се користат како ефикасен начин за да се пренесе информацијата до гледачите за настани како што се несреќи, кривични дела и слично. Кога одреден настан е реконструиран

или илустриран, гледачите мора да бидат предупредени за ова со звук и слика.

Општо земено, мора да се има предвид дека користењето реални снимки не е гаранција дека она што се објаснува е вистинито. Реалноста што се претставува на снимката треба јасно да биде разграничена од вистинитоста во однос на она што се случило.

4. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Овој Прирачник се осврна на етичките дилеми и законските норми коишто влијаат врз начинот на кој снимателите ја извршуваат својата професија. Снимателите сносат голема одговорност, како за медиумот, така и кон јавноста, заради што од особено значење е да се прикажат пречките, предизвиците, но и можностите кои ги создава оваа професија, која често не се става во „преден план" кога станува збор за медиумското известување. Од друга страна, несомнено е дека јавната перцепција за поединци, случувања и околности во голема мера зависи од изборот и „окото" на снимателот.

Во поширокиот медиумски систем, самите снимателите неретко се наоѓаат и во незавидна положба. Тие постојано се соочуваат со ограничување на ресурсите и се обидуваат да се однесуваат професионално и совесно во еден таков амбиент.

Кога се соочуваат со етички конфликти, снимателите честопати ги решаваат на ад хок основа, задржувајќи ја поврзаноста со субјектите и односот со гледачите во рамнотежа со практичните дилеми околу извршувањето на нивната професија.

Ним им е потребно поголемо јавно внимание, поодржлива и јавна дискусија за етиката и условите во коишто функционираат, како и обезбедување безбедна зона за работа и споделување на прашањата и дилемите што ги загрижуваат. Која било етичка и законска рамка мора постојано да биде надградувана и да содржи прецизни одредби што ќе се однесуваат и на вредностите, стандардите и практиките во работењето на снимателите. Тоа неминовно бара поширока и подинамична дискусија, со цел да се развие објективно разбирање на оваа креативна професија.

ОПШТИ ПРЕПОРАКИ

- Правото на информирање и правото на приватност се еднакво важни.
- Во секој поединечен случај кога снимате, внимавајте на рамнотежата меѓу слободата на изразување како јавен интерес и легитимните очекувања за приватност на поединецот.
- При снимање на секој поединец, почитувајте ја неговата приватност и неговото право на сопственост.
- Ако Вашите снимки го загрозуваат приватниот живот на поединецот, новинарот, со својата сторија, ќе треба да го оправда упадот во неговиот приватен живот без негова согласност, покажувајќи дека јавниот интерес преовладува над приватниот.
- Можете да снимате кадри кои ќе откриваат за нечија здравствена состојба, сексуален живот или криминално однесување, единствено ако сте сигурни дека тоа е важно за новинарскиот прилог и дека преовладува јавниот интерес и го оправдува упадот во приватноста.
- Правете разлика меѓу снимка „интересна за јавноста" и снимка „заради јавен интерес".
- Снимениот материјал не користете го за други несоодветни (односно неновинарски) цели.
- Осигурете се дека снимениот материјал е соодветен, релевантен и не е преобемен за новинарскиот прилог.
- Внимавајте снимките да не бидат направени на начин што би овозможил да послужат за искривување на вистината.
- Секогаш кога снимате, имајте на ум дека преку Вашата снимка треба да се пласираат точни информации во јавноста.
- Чувајте го снимениот материјал на безбеден начин.
- Бидете искрени кон луѓето. Тие треба да знаат кога ги снимате.
- Поттикнете фер конкуренција меѓу медиумите, врз основа на професионални квалификации и заслуги.

Користете тајно снимање, единствено доколку јавниот интерес го оправдува тоа, но само со дозвола на уредникот на медиумот.

Заради Ваша безбедност и заштита при извршување на работата, користете заштитни средства (шлемови и заштитни елеци).

ПОСЕБНИ ПРЕПОРАКИ

Да се подготви Програма за обука, за стекнување на звање снимател во медиумите и да се определат образовните институции кои ќе ја спроведуваат оваа обука.

Занимањето снимател во медиум задолжително да биде правно регулирано со внатрешен акт, како што е актот за систематизација на работните места во медиумот во кој снимателот има засновано работен однос или е ангажиран врз која било основа за потребите на медиумот.

Да се работи на креирање Кодекс на однесување и професионална работа на снимателите во медиумите или да се размисли за соодветно проширување на Кодексот на новинарите на Македонија.

www.znm.org.mk